РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ ЗА ИЗБОР НА „НАЈДОБАР МЛАД НАУЧНИК“ ЗА 2014 ГОДИНА

Признанието го доделува Претседателот на Република Македонија, како поттик на младата научна и истражувачка мисла во Република Македонија.

Јавниот повик ги опфаќа сите лица што во тековната календарска година навршиле 30 години, а кои во досегашната научна работа имаат постигнато научни резултати што придонесуваат за позитивен развој на општеството и околината во која живеат и работат.

**Услови за конкурирање:**

- добиена меѓународна награда за научно-истражувачка дејност,
- добиено меѓународно признание за научно-истражувачка дејност,
- добиено домашна награда за научно-истражувачка дејност,
- добиено домашно признание за научно-истражувачка дејност,
- објавени резултати од научно истражување во релевантно меѓународно списание,
- објавени резултати од научно истражување во релевантно домашно списание,
- применетост на резултатите од научното истражување.

**Доказ за исполнување на еден или повеќе од условите:**

- Биографија,
- Реализирани проекти во 2014 година со кои конкурираат,
- Доказ за државјанство на Република Македонија

Материјалите да се достават во еден печатен и еден електронски примерок (CD)

Право на учество имаат сите граѓани на Република Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање

**Документите да се достават до Кабинетот на Претседателот на Република Македонија најдоцна до 31.12.2014 година.**

Кабинет на Претседателот на Република Македонија
(Комисија за „Најдобар млад научник“)
„Вила Водно“
Ацо Караманов 33 А
МК-1000 Скопје